Томо ТОМОСКИ

# СРЕДНОВЕКОВЕН ПОЛОГ

## I

Полог е питома и плодородна котлина во северна Македонија. Таа е оградена со два реда планини и тоа од исток со Сува Гора и Жеден, а од запад и северозапад со Шар Планина. Планината Буковик ја затвора областа од југ. Низ Полог тече реката Вардар од нејзиниот извор кај с. Вруток па сè до Дервенската Клисура кај Орашкото Кале. Во Вардар се влеваат повеќе планински реки, меѓу кои Лакавица, Маздрача и Бистрица. Полог е густо населена област. Селските населби се распоредени претежно на работ на котлината. На планината Шара, на линијата каде што се протега втор појас од села, некогаш биле изградени средновековните градови Соколец, Бањиче и Вратница.

Полог и Полошко како називи за места се среќаваат и во други делови на Македонија. Село со име Полог има во близината на битолското село Брод. Село Полошко постоело до неодамна во клисурата на реката Црна, на југозапад од Кавадарци.[1])

Присутноста на Словените во Полог од населувањето па до денес оставила длабока трага во топографската номенклатура. Називот Полог е многу стар, тој бездруго постоел и пред XI век, кога за прв пат бил забележен топонимот. Во XIII век, веќе имаме и прв обид за објаснување на потеклото и значењето на името Полог. Имено, византискиот историчар Георгија Пахимер (1242 — околу 1310 год.), кој престојувал во полошката котлина, го разбрал зборот Полог како ἄλσος θεοῦ т.е. како „божи-

[1]) Војислав Радовановић, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва књ. 17, Београд 1924, стр. 414. Селото било забележено во една од грамотите на српскиот владетел Душан за манастирот Хиландар. Истото село се споменува и меѓу имотот на светогорскиот манастир Пантелејмон како дар на деспот Јован Драгаш и брат му Костадин. Стојан Новковић, Законски споменици српских држава средњег века, Београд 1912, с. 409, I и с. 514, XIV.

лак".[2]) Тој така го објаснил името Полог (со две именки: бог и лака), кој тогаш, како и денес, бил покриен со бујно зеленило, со планински води и млаки.

W. Tomaschek го отфрлил споменатото толкување на зборот како неточно и притоа дал свое мислење за потеклото и значењето на зборот. Според него po-logŭ во сите словенски дијалекти означува „место со спуштена положба, т.е. котлина".[3])

В. Радовановиќ, објаснувајќи го името Полог, според Ј. Цвииќ, пишува дека е Полог гнездасто, овално проширување во долина, клисура и дека името Полошко ѝ потекнува од положбата што ја има, т.е. од јајчесто проширување на клисурата.[4])

А. Селишчев од своја страна укажува дека зборот е составен од два дела и дека вториот дел е лог. Притоа, за илустрирање, ги приведува бугарскиот збор льг и српскиот луг, кои означуваат „ниско рамно место покриено со мала шума".[5])

Слично објаснување на зборот дава и Р. Груиќ. Според него името потекнува од под-лог. Имено, котлината во најголем дел била под луг или лог (горица и пасишта) и оттука ѝ го добила тоа име.[6])

Ст. Романски не го прифатил објаснувањето на зборот со лѫгъ („горичка") и пишува дека името Полог потекнува од обликот на пределот, кој е од сите страни ограден со планини што постапно се спуштаат во долината на реката Вардар.[7])

Исто така и П. Скок не се согласил со А. Селишчев и со неговото објаснување на Полог со зборот лѫгъ. Според П. Скок нема топоними (со исклучок на еден) што се составени од основниот збор лѫгъ и предлогот по. Потоа, тој укажува дека предлогот по во топографската номенклатура се врзува со имиња на реки или море (со исклучок на едни б. м.). П. Скок, при објаснувањето на името, тргнува од поставката дека називот се употребува првенствено за означување на цел предел (а не и за

---

[2]) Georgii Pachymeris, De Michaele et Andronico Paleologis, libri tredecim, Bonnae 1835, p. 352.

[3]) W. Tomaschek, Zur Kunde der Hämus Halbinsel, II, Sitzungsberichte der kaiserliche Akademie der Wissenschaften, Philosophisch-historische Classe CXIII Bd., I Hft., s. 361.

[4]) В. Радовановиќ, нав. дело, с. 414. Види и во статијата на Ј. Трифуноски, За името и поделбата на областа Полог, Годишен зборник на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје, Природо-математички оддел, книга 8, Скопје 1955, с. 143—147. За истото пишува и Атанасие Урошевиќ во статијата: За некои топоними во Македонија, Географски разгледи, кн. 2—3, Скопје 1965, стр. 116. Според мислењето на А. Урошевиќ Полог е земјишна форма која во географијата се нарекува котлина.

[5]) А. Селищев, Полог и его болгарское население в Албании, София 1929, с. 317, како и Славянское население в Албании, София 1931, с. 225 293, бел. 1.

[6]) Р. Грујић, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник Скопског научног друштва, XII, Скопље 1933, с. 34.

[7]) Ст. Романски, Имената на нѣкои македонски градове, 6. Тетово и Пологъ, Македонски прегледъ, VII, София 1932, 4, с. 10.

населено место) како што е полошкиот, кој се спушта од Шар Планина спрема реката Вардар. Ете, на тој начин, тој настојува да го објасни името, т.е. со словенскиот адјектив, пологъ, во значење кос, положит.[8])

Меѓутоа, за правилно согледување на потеклото на името Полог, бездруго треба да се имаат предвид некои топоними што се изведени од основата лаг, лог и луг. Тие називи се забележени или зачувани во топографската номенклатура на Македонија а посебно во Полог. Имено, во пописот на имотот на манастирот Богородица Хтетовска, при обележувањето на меѓите на нивата што ја подарил Савдик стои: оть пути подлужка . . . и до бразде подлужке . . . и вину до меге подлужке.[9])

Подоцна, во XV век, во нахијата Калканделен (Тетово) е забележен топоним Ложан (може да се чита и како Лужан).[10]) На истото подрачје, во споменатиот век, се среќаваат називи: Мали Лжан (мезра), Велики Лжан (мезра) и чифлук Лжане.[11])

Освен тоа, во Полог има река со име Лакавица (Лакашница), која се влева во реката Вардар, во близината на Гостивар. Според Ѓ. Петров реката ја нарекуваат Лакашница по изгледот на долината, низ која таа тече.[12])

Според А. Попоски крајречните месности со ниви имаат називи: льк (Вруток), льгој (Здуње), льгишта (Балин Дол), льжец (Зубовце), льжане (Галата), како и лака и лаки.[13])

Впрочем, во топографската номенклатура на Полог се среќаваат и следниве називи: лаг (Отуње, Челопек, Горна Лешница и Топлица), лагој (Лавце и Галата), подлаг (Зубовце), лажане (Врапчишта и Галата), луг (Ѓурѓевиште, Копанце и Беловиште) и царев луг (Одри).[14])

Најодзади за уточнувањето на значењето на зборот Полог придонесуваат и следниве топоними: Подлошко, како назив го забележал М. Цепенков за тиквешкото село Полошко;[15]) потоа

---

[8]) П. Скок: А. М. Селищев, Полог и его болгарское население, Гласник Скопског научног друштва XV, Скопље 1936, с. 397, како и П. Скок, Из топономастике Јужне Србије, I, ГСНД XII, Скопље 1933, с. 209 210.

[9]) Александар Соловјев, Одабрани споменици српског права, Београд 1926, с. 131.

[10]) Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер № 4 (1467—1468 година), Скопје 1971, 409.

[11]) Глиша Елезовић, Турски споменици, I, Београд 1940, 1, с. 51 и 140.

[12]) Материјали по изучванието на Македония, София, 1896, с. 261. Ѓ. Петров, на с. 194 од спомената книга, го забележал и вториот назив за Полог. Имено тој пишува дека местата и селата крај Шар ги нарекуваат Подгорие или Полог.

[13]) Аритон Поповски, Македонскиот говор во Гостиварскиот крај, Гостиварски крај, II, Гостивар 1970, с. 120. На планината Огражден на височина од 870 м. има шумовита месност со назив Суви Лаки.

[14]) Јован Трифуноски, Полог, Антропогеографска проучавања, Насеља и порекло становништва, књига 42, с. 253, 255, 258, 261, 271. 302, 304, 334, 350, 414 и 420.

[15]) М. Цепенков, 7, Преданија, Скопје 1972, с. 164.

кочанските села Горни и Долни Подлог, од В. Кнчов забележени под назив Горни и Долни Подлак,[16]) како и имињата на кочанското село Полаки (во горниот тек на реката Велика) и с. Лаки, кое се наоѓа меѓу Виница и Будинарци.

## II

Полошката котлина е покриена со останки од средновековна материјална култура. На локалитети со називи градиште, кале, хисар, црквиште, манастириште како и на други места се најдени останки од средновековни тврдини, цркви и манастири. Станува збор за темели, делови од грнчарска и покривна керамика, разни видови орудија и оружја, камења, плочи, столбови и други ракотворби што им припаѓале на некогашните земјоделски и сточарски населби.[17])

За реконструкција на најстарата историја на Полог, освен археолошкиот, нема и не е зачуван друг материјал. Први напишани податоци за Полог потекнуваат од XI век. Тогаш, по паѓањето на Самуиловата држава, полошката котлина била под византиска власт.[18]) Во XI век Положани на два пати го отфрлуваат византиското господство; за првпат во текот на востанието на Петар Делјан во 1040 година и повторно во времето на востанието на Георги Војтех во 1072 година.

Задните две децении од XI век западните предели на Византија биле изложени на воен притисок од надворешни сили. Во тие настани бил вовлечен и Полог. Од тоа време датира и прва зачувана вест за Полог. Известувањето потекнува од перото на византиската писателка Ана Комнина. Тоа се однесува на навлегувањето на еден нормански одред под заповедништво на Pierre Alipha, во западна и северна Македонија, па и во Полозите (δύο Πολόβους, des deux Poloboi) Истиот се задржал и натаму

---

[16]) Васил Кънчов, Избрани произведения, I, София 1970, с. 362 и 363.

[17]) Иван Микулчиќ, Минатото на гостиварскиот крај преку археолошки наоди, Гостиварскиот крај I, Гостивар 1970, с. 73—89.

Блага Алексова, Средновековни наоѓалишта во Полозите, Гласник на Институтот за национална историја, III, Скопје 1959, 1. с. 217—233.

А. Селищев, Полог и его болгарское население, София 1929, с. 49, 50, 55, 58—68.

Материали по изучването на Македония с. 417, 426, 427, 433—439, 445, 448, 451, 453—462.

Радослав Грујиќ, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, с. 40.

Јован Хаџи Васиљевиќ, По Тетовској области, Брасство XXIX, Београд 1938, с. 207 и 208.

Јован Трифуноски, Полог, Антропогеографска проучавања, Насеља и порекло становништва, књ. 42, Београд 1976.

[18]) Од податоците што ги дава грамотата на византискиот владетел Василиј II од 1019 година за правата на Охридската архиепископија не може да се уточни, местото и улогата на Полог во тогашната црковна организација.

во Полозите и по повлекувањето на норманскиот војвода Боемунд кон Валона во 1082 година.[19])

Освен тоа, Ана Комнина прикажува и за упадот на српската војска во северна Македонија и во соседните предели во 1093/4 година, како и за преземањето на Полозите (τόν Πόλοβον) од страна на жупанот Волкан.[20])

Во XII век, напоредно со зацврстувањето на византиската власт во западните предели на Византија, растел интересот на западно-европските трговци за пазарот во Византија, па и во Македонија. Од тоа време, од крајот на 1153 година, потекнува „Географијата" на Арабјанецот Идриси, која можела да користи и како водич на трговците на Балканот. Во неа, меѓу другото, се прикажани градовите и патиштата што од Драч воделе преку Македонија во внатрешните предели на Балканот. На еден таков пат лежел и градот Полог, кој според Идриси бил оддалечен од Охрид два добри дена патување.[21]) Според софискиот ракопис на „Географијата" Булугу (Полог) бил убав град што бил сместен на една голема планина.[22])

Полог се споменува и во едно писмо на охридскиот архиепископ Теофилакт. Малку е веројатно дека во него станува збор за македонскиот Полог. Нема сомневање дека известувањето се однесува за оној Полог што лежел во близината на Девол. На таков заклучок упатува и содржината на писмото што Теофилакт го адресирал во 1107 година до синот на севастократорот. Таму се прикажува за олеснувањата што Преспа и Девол ги добиле од спомнатата личност. Од тоа време датира и неговото друго писмо, во кое тој пишува за поповите во Полог (τῶν Πολόγῳ) со барање тие да се ослободат од исполнувањето на некои задолженија спрема државата.[23])

Постоењето на Полог во Албанија се потврдува од едно известување што го оставил византискиот историчар Георгија Пахимер. Тој, пишувајќи за операциите на никејската војска во Македонија и соседните предели во 1260 година го забележал и Полог меѓу Белград и Колоња.[24]) Пахимер знаел и за македон-

---

[19]) Anne Comnéne, Alexiade (V—X). Paris 1943, стр. 22 и 32.

За годината на норманскиот напад види кај Георгија Острогорски, Историја Византије, Београд 1969, с. 337. Р. Груиќ според W. Tomaschek го датира настанот во 1097 година, Р. Грујић, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак... с. 34. Види го и датирањето на Р. Катичиќ и Б. Крекиќ во Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966, с. 292 и 381.

[20]) Anne Comnéne, нав. дело, стр. 169.

[21]) W. Tomaschek, нав. дело, стр. 360.

[22]) Борис Недков, България и съседните ѝ земи през XII век според Идриси. София 1960, с. 37.

[23]) Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966, с. 292 294 и 295.

[24]) „περί τα Βελλάγραδα και Πολογον και Κολώνειαν" Georgii Pachymeris, нав. дело, стр. 107 и 352.

Ј. Кантакузин забележал Полог „apud Dalmatas".

Joannis Cantacuzeni, Historiarum, volumen I, Bonnae 1828, стр. 37.

скиот Полог, во кој имал незгода при краткиот престој и на патувањето за српскиот двор.

В. Златарски во статијата „Де се намирал гр. Девол"[25]) еднострано го разбрал приведениот податок од историјата на Георгија Пахимер и притоа извел несоодветна идентификација на Полог. Тој и не помислувал на можноста дека постои и друг Полог, напоредно со оној што се наоѓа во северна Македонија. Впрочем меѓу местата што ги набројал Пахимер, Полог доаѓа на ред по албанскиот Белград и пред Колоња, што воедно упатува и на неговата положба: тој веројатно лежел во близината на деволската област, каде што А. Селишчев забележал с. Положани.[26])

Втор пример на несогледување оставил W. Tomaschek и тоа при интерпретација на зборовите ἄνω Πολόγου со кои Димитрија Хоматијан ја определил положбата на тетовскиот манастир. W. Tomaschek зборовите ὁ ἄνω Πολόγος ги разбрал како „Ober Polog" т.е. како горниот дел од полошката котлина. Во врска со тоа тој прави несоодветен заклучок дека тетовскиот манастир лежел во центарот на Горни Полог (im Centrum von Ober Polog) и дека според Тетово горниот дел од котлината се нарекува Тетовско Поле. Меѓутоа, W. Tomaschek тврдината Лешок (die Veste Lešiski) која лежи во Тетовско Поле ја става во „долната котлина" (im unteren Kessel).[27])

Исто така и Р. Груиќ во приведената статија го користел споменатиот податок на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан. Меѓутоа, при определувањето на положбата на манастирот сепак ја става црквата Богородица Хтетовска во Долни Полог и покрај тоа што во заграда ги дава грчките зборови ἄνω Πόλογος кои во превод значат Горни Полог.[28])

Кон крајот на 80-те години од XII век, додека во централна Македонија се разгорувало востанието на Добромир Хрс и за време на минувањето на германските рицари од III крстоносна војна по магистралниот пат Белград — Цариград, српскиот владетел Немања заедно со војска навлегол во северна Македонија и во соседните предели. Притоа, тој ги разорил, покрај другите градови, градот Лешок во Долни Полог и градот Градац. Потоа ги придружил обата Полога (Полозите) кон својата држава.[29])

По смртта на бугарскиот владетел Калојан (1197—1207 год.) во Просек се зацврстил Стрез како самостоен владетел.

---

[25]) Известия на историческото дружество в София книга V, София 1922, с. 45.

[26]) А. М. Селищев, Македонские кодики XVI—XVIII веков, София 1935, с. 101, како и Славянское население в Албании, София, 1931, с. 225 и 293.

[27]) ἀπό τοῦ ἄνω Πολόγου ὁρμώμενος καὶ ἐν τῇ μονῇ τῆς Θεοτόκου τῇ ἐν Χτεατοβῃ Wilhelm Tomaschek, нав. дело, стр. 362.

[28]) Радослав Груиќ, нав. статија, с. 45.

[29]) Списи Светога Саве и Стевана Првовенчанога, Београд 1939, с. 183.

Набргу потоа дошло до заострување на односите меѓу Просечкото кнежевство и српската држава, веројатно по прашање на власта во Полог. По паѓањето на Просечкото кнежество Полозите менувале повеќе пати господари, кои, според Георгиј Акрополит, биле носители на „варварски поредок" во голем дел од Балканскиот Полуостров.[30]) За тие политички промени може да се разбере и од грамотата на српскиот владател Милутин за манастирот Св. Георги-Горг. Таму стои дека с. Речица во полошката област било приложено на манастирот од цар Роман, првиот ктитор. Потоа тој дар бил потврден од византиските владетели Алексиј и Маноил, од бугарскиот владетел Асен, како и од други цареви и кралеви.[31])

Во 1258 година српската војска на пат за Кичево и Прилеп бездруго навлегла и во Полог.[32])

Набргу потоа, по паѓањето на латинското царство во 1261 година била обновена византиската власт во Македонија па и во Полог.

Меѓутоа, цариградскиот двор не можел трајно да го зацврсти својот авторитет во западните предели на Византија. Тие биле населени претежно со Словени, кои, според зборовите на Акрополит, секогаш и потајно биле расположени непријателски спрема Ромеите.[33])

Во тоа време српско-византиската граница се протегала северно од Полог, близу до Липљан на Косово.[34]) Српските феудалци, стеснети во планинските предели, постојано помислувале да го прошират земјишниот фонд и да зафатат нови богатства од јужниот сосед. Со таа помисла и навлегоа во 1282 година во северна Македонија и притоа ги презеле двата Полога со нивните градови и со областа, потоа град Скопје, Овче Поле, Злетово и Пијанец.[35]) Набргу потоа српската власт се проширила и во другите соседни предели на Полог, т.е. во дебарската, кичевската и поречката земја.[36]) Византија попусто настојувала со оружје и по дипломатски пат да ги поврати Полозите и другите предели во северна Македонија. Притоа, во еден организиран контранапад, византиската војска достигнала до Призрен и Липљан.[37]) Најодзади цариградскиот двор бил принуден да се по-

---

[30]) Georgii Acropolitae, historia, Lipsiae 1903, 34.

[31]) Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975 с. 183 и 223. Во грамотата на цар Константин Асен се спомнуваат и жупани и кнезови.

[32]) Георгије Острогорски, Историја Византије, Београд 1969, с. 420.

[33]) Georgii Acropolitae, historia, стр. 109.

[34]) Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други, Загреб 1866, с. 107.

[35]) Исто, с. 108.

[36]) Исто, с. 114.

[37]) Исто с. 111.

мири со загубата и да му ги предаде на српскиот владетел спорните земји во прикќе.[38])

Со проширувањето на српската власт дошло до промена во имотно-правните односи. Имено, многу грчки феудалци избегале или биле протерани од Полозите поради бунт.[39]) Едновремено призренската епископија настојувала да го обнови имотот што од порано го имала во положката котлина. Тој имот ѝ бил одграбнат и „померопшен" пред сè од страна на пронијари, кои таму, во пограничниот предел, служеле во војнички закон.[40])

Во Полог, во 1333 година, среде зима, престојувал српскиот владетел Душан со повеќе црковни и световни достоинственици. Тука и дошло до уточнување на еден правен акт меѓу српскиот крал и пратеници на Дубровник.[41])

По распаѓањето на Душановата држава и во времето на крал Волкашин Полог го држел Гргур, веројатно како негов вазал.[42]) Во бојот на Марица во 1371 година загинал Волкашин, а заедно со него и многумина феудалци. Потоа со Полог загосподарил Вук Бранковиќ.[43]) Едновремено Македонија, па и Полог биле изложени на постојан притисок од турските воени одреди. Современикот на таа состојба монахот Исаија оставил сликовит опис од тие дни со овие зборови: просипаша се Измаилтјане, и полеташа по всеи земли, јакоже птица по вздуху и овех убо от християн мечем закалаху, овех же в запленение отвождаху.[44]) Притоа турската подвижна коњица бездруго достигнала до Полог и до тамошните тврдини, кои останале бессилни и беспомошни пред налетот на Османлиите. Тогаш положката земја запустела од војна и турски упади како и од гладот што владеел во тоа време. Во дадената состојба попусто останале очекувањата на воена помош однадвор, како и обидот да се мобилизираат внатрешните сили во Македонија за давање отпор на Турците.

Во тие дни, кога надвиснала турската сила во положката котлина, се споменува signore de Pologo. Меѓутоа, останува нејасно која е таа личност што ја забележал Barleti, биографот на Ѓурѓе Кастриот Скендербег. За тој „господин" се знае само толку дека бил татко на Воисава, која била мајка на Скендер-

---

[38]) Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, с. 313 Види и кај Теодора Метохита посланица о дипломатском путу у Србију поводом женидбе краља Милутина са Симонидом године 1298, Летопис Матице српске, кн. 216, Нови Сад, с. 49, 53, 54.

[39]) Животи краљева... с. 109.

[40]) Споменици за средновековната и поновата историја... с. 225.

[41]) Законски споменици... с. 298.

[42]) Записи и летописи, избор и редакција на Радмила Угринова-Скаловска, Скопје 1975, с. 26.

[43]) Споменици за средновековната и поновата историја... с. 239.

[44]) Записи и летописи... с. 141.

бег.[45]) Signora Voisava Tripalda според Musachi по потекло била Tripalda (e venne da bona parte).[46])

Полошката котлина паѓа под турска власт по битката на Косово и веројатно во исто време кога и Скопје. Турците Османлии на освоената територија формираат вилает (нахија) Тетово, кој подоцна се нарекува Калканделен. Во ново создадената воена и политичка ситуација Тетово израснува во административен центар, а зачуваните средновековни градови Собри и Трново постапно го губат своето значење.

## III

Во средновековниот Полог имало многу новоизградени или обновени цркви.[47]) На таков заклучок наведуваат податоците од грамотите и од пописот на имотите на манастирите што таму имале посед, како и од постоењето на бројни локалитети со називи: црквиште и манастириште. Тие микротопоними воедно наспомнуваат за големи разорувања и запустувања на црквите пред и под турска власт.

Мотивите за изградба на црковни објекти биле различни, се градело пред сѐ за „вѣчьноую паметь". Ктиторите на црквите потекнувале претежно од редовите на феудалците, т.е. од редовите на богати и силни луѓе. Пред почетокот на градење црква се барало „мѣсто подобьно", т.е. најубава положба во пределот и тоа редовно покрај река или извор, како што тоа бил случајот со локацијата на црквата Богородица Хтетовска. Црквата се градела врз основа на подготвен план со однапред одредени димензии на ширина, должина и висина. Во изградбата, покрај мајстори ѕидари кои работеле за пари или за имот, учествувало и месното население. Работата на зависните селани била бесплатна и задолжителна.

Манастирскиот комплекс бил составен од црква, полати[48]) (конаци) и звоник (пирг), кој обично бил поставен на влезот (на вратѣхь же града). Конаците биле изградени од дрвен материјал. Некаде и кога не можело да се чека на подолга изградба црквата се градела „оть дрѣва" (вь дрѣвѣ"). Црквата обично била покриена со олово. Нејзините внатрешни ѕидови редовно биле живописани со фрески. Манастирот бил ограден со ѕид,

[45]) W. Tomaschek, нав. статија, с. 361.

[46]) Јован Радонић, Ђурађ Кастриот Скендербег и Арбанија у XV веку. Споменик СКА XCV, Београд 1942, 1, бел. 1.

[47]) На пример: Св. Богородица во Тетово, Лешок и Требош, Св. Димитрија во Одри, Св. Недела кај Речица, Св. Врачи во Поточани, Св. Илија кај Стенче, Св. Јован Златоуст во Гари, Св. Ѓорѓи кај Крпена, Св. Никола во Јадоварце и во планина кај с. Јанчишта, Св. Атанасија во с. Лешок и други.

[48]) Во Полог постои село со назив Палатица. Освен тоа во меѓите на с. Симница една месност се нарекува Полатица. Види кај Ј. Трифуноски, нав. дело, с. 212.

т.е. опкружен со град, кој требал да го чува, покрај друго и неговото богатство.

Во Полог, во време на развиениот феудализам, бил раширен крупниот феудален имот. Станува збор, пред сè, за црковниот, т.е. за манастирскиот посед. За него има и најмногу податоци и тоа зачувани во законските споменици. Во XIV век во положката котлина се истакнувале со своето богатство три манастири: модричкиот,[49]) тетовскиот и гостиварскиот. За првиот и третиот манастир се знае дека имале меѓи со с. Штенче (ден. Стенче) и дека нивните игумени високо биле рангирани во црковната хиерархија. Имено, старешините на приведените манастири биле поставени на соборот („на с'борѣ да имат мѣсто") на деветто, десетто и единаестто место. По овие доаѓале на ред игумените на другите манастири во Македонија и тоа: ораховничкиот,[50]) нагоричкиот и скопскиот.

Во положката котлина имале имот и некои манастири од соседните и подалечните предели и тоа:

1. Скопскиот манастир Св. Георги-Горг уште од своето основање го добил на дар положкото село Речица, заедно со лозја, ниви, жрнками (воденици), периволи (бавчи), сенокоси, забели, планини, ловишта (ѕверни). Освен тоа, тој ги притежавал с. Точил, со истоимената планина, потоа с. Баница (во близина на Тетово) со лозја, жрнками, како и едно село (чие име е избришано во грамотата) со ниви, лозја и воденици.[51])

2. Призренската епископија имала имот во Полог „оть вѣка". Во текот на воено-политичките настани што се случувале на тамошната територија бил заграбен (оузели ѥсоу) по некој имот од страна на тамошните световни феудалци (Положани). Меѓутоа, во времето на владеењето на српските владетели Стефан Дечански и Душан, дел од имотот повторно бил прибран од епископијата (отѥль оть Жегра), со употреба на сила или со откуп. Имотот што призренската епископија го притежавала во Полог, во првата половина на XIV век бил составен од следниве објекти: Црквата Св. Врач во Поточани[52]) заедно со

[49]) Положбата на модричкиот манастир е уточнета пред неколку години. Денес со сигурност може да се каже дека тој лежел кај положкото село Пирок, кое порано имало втор назив Модрич. Види ја мојата статија: Прилог кон убикацијата на модричкиот манастир, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 23 (1971), с. 255.

[50]) Споменик СКА IV, с. 9 и 10. Р. Груиќ го идентифицира игуменот на ораховничкиот манастир со игуменот на манастирот Ораховица (на Лим кај Прибој). Меѓутоа од редоследот што е даден се гледа дека станува збор за манастири во Македонија, меѓу нив и за манастирот Раховник во Горни Дебар. Види ја мојата статија: Свети Град е второ име за средновековниот град Дебар, Историја, VIII, Скопје 1972, 1, с. 110.

[51]) Споменици за средновековна и понова историја на Македонија, I, с. 191—193 и 223.

[52]) Сега пусто селиште во близина на с. Ѓурѓевиште, Ј. Трифуноски, Полог, с. 271 и 280.

дворани, како и со лозја и ниви што биле купени или дарувани за душа, потоа поповски стас во Ѓурѓевиште, заедно со населени луѓе, па црквата Св. Богородица со три поповски стаси (дворъ пископовь оть вѣка), во Лешок, како и црковни ниви при Трьхалѣ, при црквата Св. Богородица во Требош.[53])

3. Манастирот Св. Никита во Скопска Црна Гора, кон крајот на XIII и почетокот на XIV век, имал имот во Полог кој бил составен од с. Нераште, како и местото наречено Радеево со лозја, со воденици и со дворот на Вратислава.[54])

4. Манастирот Грачаница во првите децении на XIV век го имал следниов имот во Полог: Црквата Св. Димитрија во полошкото Оури (веројатно Одри), со луѓе и со планина, потоа Борково место со двор и со луѓе во Подбрезе како и во Лешок сѐ што било Борково.[55])

5. Манастирот Богородица во местото Трескавец кај Прилеп, во 1335 година го držел метохот Крьпень во близината на Тетово со воденици, ниви, лозја и со планини.[56])

6. Манастирот Архангел кај Призрен во средината на XIV век го притежавал с. Селце, со Вели Врьх, со заселци и лозја.[57])

7. Манастирот Хиландар во 1348 година добил голем имот во Полог (по Срьблѥхь, по земли срьбскои) и тоа: црквата Богородица Хтетовска со селата, потоа црквата Св. Никола во Јадоварцех, поп Драго со род и со место, Млачице со земја, половина од старо Желино со црква, с. Хтетова, Храштани, како и селата Дреновец, Бродец, Седларево и Избице, а во Горни Полог с. Штенче и Волковија.[58])

Постанокот, структурата и организацијата на црковниот имот во Полог може најдобро да се проследи и согледа на примерот на манастирот Богородица Хтетовска. Најстар податок за манастирот потекнува од едно писмо на Димитрија Хоматијан. Во него, меѓу другото, охридскиот архиепископ пишува за монахот Герасим ... од манастирот Богородица Хтетовска.[59]) Спомената белешка го потврдува мислењето дека манастирот бездруго постоел во почетокот на XIII век.[60]) Подоцна, веројатно при постојаните погранични судири, била запустена црквата (пад'шю се до основанїа) а манастирскиот имот бил заграбен од „лоши луѓе" (их'же наважденїемь пронор'ливыхь и злыихь

[53]) Законски споменици, 639 и 640.

[54]) Споменици за средновековна и понова историја... с. 290 и 320.

[55]) Законски споменици 634 и 635.

[56]) Законски споменици... с. 666.

[57]) Исто, с. 696.

[58]) Исто, с. 422.

[59]) ἐν τῇ μονῇ τῆς Θεοτοκόυ τῇ εν Χτεατόβῃ. W. Tomaschek, нав. статија, с. 362.

[60]) Според Р. Груиќ манастирот Богородица Тетовска бил соградeн набргу по пропаѓањето на градот Лешок и на тамошната епископска црква Св. Богородица. Р. Груиќ, нав. статија, с. 38 и 45.

чловѣкь отьстоупла соуть была оть светыє црькве"). Под српска власт манастирот бил обновен и притоа му биле потврдени правата што ги добил и од грчките владетели.[61]) Обновениот манастир стекнал углед со своето богатство и едно време имал ранг на архимандритија (архымоудритию). Неговиот игумен на соборот го држел десеттото место и тоа пред гостиварскиот, ораовничкиот, нагоричкиот и скопскиот.[62]) Набргу по обновувањето, манастирот Богородица Хтетовска преку дарување на српскиот владетел Душан станал метох на манастирот Хиландар. Тоа се случило во 1348 година, во времето кога во Македонија владеела чума и кога се создавале големи манастирски комплекси, како што беа Хиландар и Архангел кај Призрен.[63])

Имотот на манастирот бил формиран од дарови на владетелот и на други личности како и по пат на купопродажба. Мотивите за дарување биле различни. Прилог се давал, пред сè, за „гроб и душа", а потоа за „постриг и помен".[64])

Манастирот поседувал храмни приходи, села со заселци, метоси, многу ниви и други стопански објекти. Тој бездруго располагал и со добиток (овци, волови, коњи и др.) бидејќи му биле доделени планини, забел, ливади и сенокоси. Познати се и имињата на селата што манастирот ги притежавал и тоа: Хтетово, Храштани, Гари, Млачице, Лесковљани, Штенче, Крпена, Старо Желино, потоа четвртиот дел од с. Седларево и седмиот дел од с. Хвалише, како и селиште Брод.[65]) Меѓутоа, фондот на селата не бил постојан. Имено, во општата грамота на српскиот владетел Душан за манастирот Хиландар од 1348 година се наброени само некои села чии имиња се познати од ктиторската грамота на српскиот владетел Душан. Во неа ги нема селата Млачице, Хтетово, Храштани, но затоа се приведени нови села по име: Дреновец, Бродец, Избице и Волковија.[66])

Во ктиторската грамота се регистрирани, покрај села, уште придружни стопански објекти како и други приходи што го имал црковното стопанство. Имено, манастирот притежавал:
воденици во Хтетово, Храштани, Млачице, Крпена, Желино и на р. Вруток, како и воденица од Димитар Чалапија, феудалниот господар на с. Мел;
ливади покрај потокот од Хтетовштице, во меѓите на с. Млачице, потоа во Седларево, Крпена и Желино;
сенокоси во Крпена, Желино и кај Вруток;
планина Нанов Дол, потоа планина во с. Гари, како и Сува Гора (планина, со сенокоси и со трева);

---

[61]) Споменик СКА III, 28.

[62]) Споменик СКА, IV, с. 11.

[63]) Законски споменици, с. 422.

[64]) Законски споменици, с. 658 и 659, како и Споменик СКА III, 36—40.

[65]) Законски споменици, с. 657, 658 и 659.

[66]) Законски споменици, с. 422.

забел Жеден како зимовиште за кобили и овци;
брдо кај самоградиште Штенче, во Крпена и во Желино;
„дрѣво" што било царево кај самоградиште Штенче;
ловиште во меѓите на селиште Брод;
поле покрај с. Млачице и кај самоградиште Штенче;
река во меѓите на с. Брод;
Влъксаново место во меѓите на с. Лесковљани;
самоградиште Штенче;
метох Св. Илија
цркви Св. Илија (веројатно кај с. Штенче), Св. Јован Златоуст во Гари, Св. Георгија во Крпена и во Старо Желино, Св. Никола во Јадварцех;
две огради, од кои една со извод за вода;
„комат лозје и 2 чрници";
право на панаѓур и на трг во Хтетово, како и
право да зема секоја година 150 спуди сол од Св. Срѓ.

Како што е горе кажано манастирот Богородица Хтетовска имал многу ниви, прибрани на разни начини. Тие, пред сè, биле купеници, купени за 2, 5, 8, 10, 12, 15, 17, 18, 27, 28 и 80 перпери. Притоа, големината на некои ниви била искажана и со мера за мерење земја, т.е. со ден орање (15 дьнинь), со плуг, како и со погон и замет. Освен тоа некои ниви биле земени за коњ, за кобила, или за вол и 5 перпери, или за свиња, или за половина мешина сирење и за овен. За една нива, купена во гладно време, манастирот дал 20 кобли жито и уште мешина сирење и полутка сланина. При купувањето имало закинување и неисплатување во целина на договорениот износ. Нерасчистените правноимотни односи се уредувале со употреба на сила, а и со водење на судски спорови.[67])

Манастирот располагал и со ниви „задоушьнина", приложени за душа (своја, на жената или на мајката) или за гроб (свој, на братот, на попадијата или на кир Никифор). Некои ниви биле дадени за душа и за гроб, или за гроб и постриг, или затоа што дарителот немал пород.

Манастирот имал свој старешина, свој игумен. Едно време, тој се споменува и како архимандрит (архимоудрить). Игуменот се поставувал обично од редот на членовите на братството и по желба на владетелот или ктиторот. Грижата за манастир-

[67]) Еден спор водел судијата Дабижив по тужба на Драгија син на Стрезо и зет му Драгослав. Во прашање бил имотот што своевремено Стрез му го продал или приложил на манастирот. Во вториот случај бил оптужен Прогон за бесправно присвојување на ридот Плеш, кој бил црковен стас. Судењето, во присуство на бољари и старци (валстеле и хора) започнало во црквата Богородица Тетовска со полагање заклетва пред призренскиот епископ Георгиј Маркуш и пред кир Калиник. Потоа излегле сите на лице место, каде што биле испитани двајца сведоци: старецот Прибислав, Маркушев човек и кир Алекса, брат на епископот Влахо. На крајот од процесот бил составен судски акт, кој бил напишан и потпишан од Никола иномик. Споменик СКА III, с. 38, 39.

скиот имот и уредувањето на меѓусебните односи ја имал икономот. Во манастирот имало и други звања. Калуѓерите биле должни да ги слушаат своите постари по положба.

Манастирот Богородица Хтетовска притежавал одредени права уште од времето на грчките цареви, а подоцна тие биле потврдени и од српските владетели. Со нив на манастирот му биле пренесени некои судски и финансиски надлежности. Така, тој бил овластен да ја собира глобата од црковните луѓе, без оглед на местото и лицето што ја водел постапката. Во грамотата се приведени по име глобите и тоа: „краѓа, рука, послух, отбој, удава и престој". На црквата Богородица Хтетовска ѝ припаѓала глобата дури и од дела што биле во надлежност на владетелскиот суд, како на пример: вражда (глоба за убиство) и девич разбој (глоба за отмица и насилство). Глобите биле големи. Така, за бесправно користење на планината Нанов Дол, се плаќало 300 перпери.

На црковната територија била ограничена активноста на владетелските и болјарските чиновници. Имено, тие не можеле да ги задолжуваат црковните луѓе со „големи и мали работи", како и со вообичаени давачки. Постојните работни обврски и даноци целосно се наброени во грамотата на манастирот Св. Георги-Горг, во врска со имунитетните права што ги имал во полошкото село Речица. Според грамотата на световните органи на власта им било забрането да ги повикуваат црковните луѓе на било каква работа, т.е. одење во војска, на градоѕидање, на чување град, на копање лозје, на носење глас, на провод, на понос. Освен тоа, на чиновниците на владетелот или на болјарот им било забрането да ги тераат црковните луѓе да хранат пси или да бараат десеток од пчели, овци, жито, вино, тревнина, торовнина, комат, митат, кошарштина, писа, димнина, волоберштина, приселица, наметок житен и вински или да земаат човек, коњ, вол, магаре како и царина.[68])

Селата на Богородица Хтетовска биле ослободени од војска, од орање и приселица (сместување на стан и храна на чиновници), но затоа биле задолжени со позоб (давање зоб на коњите на владетелот) во износ од 1 крина[69]) и три оглави како и со давање вечера или ручек (обед) на псарот, зависно од неговиот престој во селото.

Како што е горе кажано призренската епископија имала значителен имот во Полог. Едновремено, таа покажувала зголемен интерес за тамошните „црковни места". На таков заклучок наведуваат зборовите на призренскиот епископ Георгии Маркуш што ги искажал пред собраните болјари и хора (жупљани) на Полог. Имено, тој јавно рекол дека е „сушти господар" на црквата и дека како таков може да откупи црковно место, каде што

---

[68]) Споменици за средновековната и поновата историја, с. 223 и 224.

[69]) Една крина имала 24 кобли цареви. Законски споменици, с. 698.

ќе го најде.[70]) Меѓутоа од приведените зборови не може да се разбере каков власник тој бил и какви биле правата на призренскиот епископ во Полог. Но едно е сигурно дека Полог до средината на XIV век немал свој епископ (неје било преге пискуп Полозје).[71])

Полошката котлина, под византиска власт, долго време била граничен предел спрема српската држава. За тоа време, таа, во црковен поглед, била подредена на Охридската архиепископија. Најблиски црковни центри околу Полог биле Призрен, Липљан, Скопје и Дебар. Полог спаѓал под јурисдикција на оние цркви што биле во составот на Охридската архиепископија. Од 1282 година веројатно нешто се променило во црковниот статус на Полог, кој според критериумот на српската канцеларија спаѓал во „српска земја", а не во Романија.[72])

Во средината на XIV век по прогласувањето на српската патријаршија биле формирани митрополии и нови епископии. Тогаш била основана епископија за Долни Полог.[73]) Прв епископ на ново формираната епископија бил Јоаникие (поранешно име Антоние), кој дотогаш бил јеромонах и ктитор на црквата Св. Атанасија во с. Лешок. Другиот дел од полошката котлина, Горни Полог, потпаднал под јурисдикција на некоја соседна епархија, меѓутоа во недостиг на докази, не може да се уточни називот на епископијата.[75])

Во териториjалната поделба на српската држава Полог целосно бил вклучен во една административна единица. Во пишаните споменици станува збор само за полошка област и за полошка жупа. Во грамотата на манастирот Св. Георги-Горг јасно стои: „село вь ѡбласти Положькои Рѣчице ... и комоу се дасть жоупа Полож'ка", или „и да нема оулѣсти оу село то Вѣчице никои владалць кралѥвьства ми, ни владалць држеѱаго жоупу тоу".[76]) Освен тоа во Пописот на имотот на Хтетовскиот манастир е забележен полошки кефалија по име Владое.[77])

Кефалијата како администратор вршел разни функции. Тој им наредувал на зависните луѓе да одат на работа (во ангарија), да ѕидаат градови, да копаат лозја, да учествуваат во „воискоу",

---

[70]) Споменик СКА III, с. 38.

[71]) Р. Груиќ, нав. статија, с. 61 и 66.

[72]) Законски споменици, с. 420 и 422.

[73]) Р. Груиќ во приведената статија на с. 62, 67 и 69 ја врзал долнополошката епархија за призренската митрополија бидејќи Полозите, според него, биле составен дел од старата призренска епархија од XI век до Душана.

[74]) Р. Груиќ, нав. статија, с. 61 и 66.

[75]) Според Р. Груиќ, Горни Полог заедно со кичевската и поречката област потпаднале под јурисдикција на дебарската епархија од 1284 година. Р. Груиќ, нав. статија, с. 70.

[76]) Споменици за средновековната и поновата историја, с. 223.

[77]) Споменик СКА III, 38.

во провод, во понос, како и да носат порака.[78]) На владетелот и на болјарите им помагале: севаст, челник, судија, кнез, прахтор, винар, позоб, коњух, писць и геракар (соколар).[79])

Во Полог бил раширен и имот на световните феудалци, меѓу нив и на српскиот владетел. Меѓутоа не е познат неговиот обем и состав. Српскиот крал владеел со села, цркви, планини, забел, брдо, шуми, поле. Владетелот веројатно имал и земја за обработување, како и добиток (коњи, крави, овци и свињи). Владетелот од постојниот имот одделувал објекти за дарување на световни и духовни феудалци. Меѓу тие што примиле дар од владетелот биле манастирот Богородица Хтетовска и Дмитрь Чалапиꙗ феудалниот господар на с. Мел.[80]) Споменатиот феудалец потекнувал од редовите на полошките болјари, од редовите на господарската класа во феудалното општество. Тие (властелата) биле „вельможи, вельмоужи, велемоштьни, властьници" и се сметале за „сильни". Богатството на феудалците било составено, пред сè, од земја, но и од добиток.

Во пишаните споменици се забележени имињата на некои полошки болјари (властела) меѓу кои: Дмитр Чалапија, феудален господар на с. Мел, кир Маноило од Баниц, кир Калиник од Модрич, Калојан од Лешок, Теодор од Лесковљани, кир Алекса, брат на епископот Влах, Пардо и брат му Теодор, Георги Сулима, Теодор Сулима, Макарие, севаст Роунзер, кир Никифор, севаст Севлад, кир Андроник, кир Михаило, кира Зоја, полошки кефалија Владоја и други. Тука се Исах, кој му приложил на манастирот една четвртина од с. Седларево (со двор, ливади, ниви, дубрава, воденици и пасишта), па Варнава кој го дарувал манастирот со една седмина од с. Хвалиша, како и Жегр и Прогон, кои биле изложени на жесток притисок од страна на црковните феудалци.[81])

За раширеноста на пронијарскиот имот во Полог има податоци во грамотите на српските владетели Милутин и Стефан Дечански за манастирот Св. Георги-Горг и за призренската епископија. Од првата грамота узнаваме дека во Полог имало преиспитување на пронијарскиот имот. Имено, царска пронија било „Драготино место" во с. Речица. Драгота се обидел имотот да го усвои како своја баштина, а потоа да му го даде во приќе на свој зет Манота. На интервенција на владетелот имотот ѝ бил вратен на црквата, но Манота и натаму го користел со обврска да ѝ служи на црквата „оу воинчьски законь".[82]) Односот што бил воспоставен меѓу Манота и црквата бил правосилен и за синовите и за внуците на Манота. Пронијарски имот се одржувал

---

[78]) Споменици за средновековната и поновата историја, с. 223.

[79]) Исто, с. 223.

[80]) Споменик СКА III, с. 40.

[81]) Исто, с. 38 и Законски споменици, с. 640.

[82]) Споменици за средновековната и поновта историја, с. 225 и 226.

со работа на зависните луѓе. Меѓутоа, црковните луѓе населени на поповскиот стас во с. Ѓурѓевиште, кој бил имот на призренската епископија, биле ослободени од сите пронијарски работи.[83])

Имотот и богатството на феудалците било засновано врз потта и крвта на зависните луѓе. Притоа болјарите воделе сметка за одржување и правилно распоредување на работната рака, која потекнувала од редовите на парици и дворани. Во Полог под српска власт се забележени „хора" наспротив болјари (властеле).[84]) Во случајот станува збор бездруго за жупљани, за луѓе од жупата. Зависните луѓе биле врзани за земја и со работа. Тие живееле претежно во големи семејства (со род) во села. Некои населби биле составени од повеќе махали. Селата биле сместени на работ на котлината, а и на планините, каде што веројатно имало населби на сточари.

Зависните селани се занимавале во прв ред со земјоделство. Тоа било сè уште земјоделство со угар (сѣденїе). Притоа, имало случаеви да се користи вода за наводнување на земјоделските култури. Освен тоа на манастирскиот имот било развиено лозарството, потоа одгледувањето на градинарски култури, како и сточарството. Манастирот Богородица Хтетовска притежавал ливади, сенокоси, како и планини со летни и зимски пасишта. Со чување добиток особено се занимавале Власи и Арбанаси. Во Полог, под српска власт, имало и занаетчиска и рударска активност, меѓутоа, во недостиг на зачувани извори, тешко е да се разбере нивната раширеност.

Вишокот од земјоделски и сточарски продукти се изнесувал на трг (пазар) и панаѓур. Притоа, на кралските и другите чиновници им било забрането да собираат приходи (такси) од тргот. Манастирот имал посебни права и на панаѓурот што од порано се одржувал при црквата.

Зависните луѓе биле оптоварени со даноци и со исполнување на работни обврски (ангарии). Покрај редовните се собирале и вонредни даноци. Византиските владетели имале обичај по случај на свадба да собираат добиток, посебно во Македонија. Освен тоа цариградскиот двор им наложувал на жителите од востаничките предели даноци во зголемен износ. Данокот особено бил зголемен при крајот на византиското владеење во Македонија. Тогаш имало побарување на нови средства во врска со зголемените потреби на дворот, а и за покривање на издатоците околу водење на постојани војни. Едновремено и големите византиски земјовладетели, како притежатели на феуди ги оптовариле зависните луѓе со поголеми давачки. Положбата на да-

---

[83]) Законски споменици, с. 640.

[84]) Споменик СКА III, с. 38. Хора може да значи и област. Види кај Йорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония София 1931, с. 578.

нокоплатците ја влошувале собирачите на данок, кои на коњ и со оружје во рака оделе од место до место и безобѕирно се однесувале спрема зависните луѓе. Со работа биле задолжени зависни луѓе, односно куќа и секој кој бил одделен од неа. Работата (царска, црковна и пронијарска) била временски определена и се вршела во град или село. Со работа биле задолжени и луѓе заробени во војна (и плѣньикы ведоше на работоу).

Во зависни луѓе спаѓале и дворани. Тие се забележени во грамотите на манастирот Богородица Хтетовска, како и на епископијата во Призрен.[85]) Дворaните го опслужувале дворот. Дворот бил градежен и стопански објект на феудалецот. Во дворот имало полати (конаци) изградени обично од дрвен материјал. Ѕидањето на дворови било едно од обврските на зависните луѓе. Во Полог, во Лешок имало „Дворь пископовь оть вѣка",[86]) потоа по еден двор е забележен во Седларево место на Исаха,[87]) во Радеево место на Вратислав[88]) и во Подбрезе.[89]) При крајот на XIV век се забележува појава на растурање на дворови[90]) и нивно населување од отроци.

[85]) Законски споменици, с. 639 и 659.

[86] Законски споменици, с. 640.

[87]) Споменик СКА III, с. 38.

[88]) Споменици за средновековната и поновата историја, с. 290.

[89]) Законски споменици, с. 635.

[90]) Во Полог, наспроти Орашкото Кале, од десната страна на р. Вардар постои село со назив Дворце.